Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar | 03-06-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Viera |
| 10 | 423 | 182 | |

МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2015

Бр./Nr. 09-3094/2
08.06 2025 год./viti

**Собрание на Република Северна Македонија**
Бул. 11 Октомври 10
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

**Kuvendi Republikës së Maqedonisë së Veriut**
Bul. 11 Tetori 10
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДО ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**DREJTUAR: KOMISIONIT SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT**

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви ја доставувам Политиката на интегритет на Собранието на Република Северна Македонија потпишана на 29 мај 2025 година.

Со почит,

Të nderuar,

Në shtojcë të shkresës Ju dorëzojmë Politikën e Integritetit të Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut e nënshkruar më 29 maj 2025. .

Me respekt,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ/KRYETARI**
**Африм Гаши/Afrim Gashi**

Државните органи и институции од јавниот сектор во Република Северна Македонија поаѓајќи од заложбите за обезбедување на почитувањето на уставноста, законитоста, професионалниот интегритет, транспарентноста и заштитата на човековите слободи и права, ја усвојуваат следнава

## ПОЛИТИКА НА ИНТЕГРИТЕТ

Државните органи и институции од јавниот сектор во Република Северна Македонија го прифаќаат интегритетот како темел на доброто управување и стратешки и одржлив одговор на корупцијата. Интегритетот е од суштинско значење за економскиот, социјалниот и општествениот просперитет.

Под интегритет се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои пратениците и вработените во Собранието (во натамошниот текст: службени лица) го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

Засилувањето и подигнувањето на интегритетот е заедничка мисија и одговорност на сите институции во системот и на сите нивоа на власт.

Прифаќајќи ја политиката на интегритет Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието) се обврзува на:

(1) воспоставување на систем на интегритет во институциите,
(2) спроведување и поддршка на системот за интегритет и
(3) следење и известување за примената на системот за интегритет.

Собранието на Република Северна Македонија со својата политика за интегритет ги запознава и припадниците на приватниот сектор, граѓанското општество и граѓаните барајќи од нив, како партнери во процесот, да ги почитуваат поставените вредности и стандарди во односите со државните органи и институциите од јавниот сектор.

### 1. Воспоставување на систем за интегритет

Системот за интегритет е воспоставен на начин да овозможи државните органи и институциите од јавниот сектор да работат и да ја извршуваат својата надлежност почитувајќи ги законите и во согласност со највисоките етички стандарди, а Собранието да работи и да ја извршува својата надлежност почитувајќи ги Уставот на Република Северна Македонија, законите, Деловникот на Собранието и ратификуваните меѓународни договори и во согласност со највисоките етички стандарди.

Системот за интегритет почива на следниве елементи кои претставуваат своевидни стандарди за интегритет:

1) Заштитата на јавниот интерес и спречувањето на судирот на интереси;
2) Почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за позицијата на службеното лице;
3) Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации;
4) Наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси;
5) Транспарентност и пристап до информациите од јавен карактер;
6) Заштитено пријавување од укажувачи и

7) Управување со квалитет.

**1) Заштита на јавниот интерес и спречување на судирот на интереси**:

Собранието, пратениците, именуваните лица и вработените во Собранието (во натамошниот текст: службените лица) се обврзуваат дека во своето работење ќе му даваат приоритет на јавниот над приватниот интерес и дека ќе поттикнуваат и развиваат организациска култура која не толерира судир на интереси и во која индивидуалната одговорност и личниот пример се основа за доброто управување.

За ефикасно управување со судирот на интереси во Собранието се применуваат прописите за идентификација и декларирање на личните интереси, прописите за пријавување на интересите и прописите со кои се обезбедува транспарентност во процесот на решавање на ситуациите во кои се појавува судир на интереси и се развиваат механизми за следење на примената на правилата за превенција на судирот на интереси.

**2) Почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за позицијата на службеното лице**

Со цел да се промовира професионалност, заштита на јавниот интерес, отчетност, одговорност, непристрасност, недискриминација и политичка неутралност во Собранието се почитуваат:

- Кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието и
- Етички кодекс на Службата на Собранието на Република Северна Македонија и
- Етичкиот кодекс за административни службеници.

Собранието развива механизми кои овозможуваат доследно да се следи почитувањето на етичкиот кодекс од страна на службените лица.

**3) Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации**:

Во Собранието интегритетот се промовира како дел од управувањето со човечките ресурси. Во Собранието се промовираат и практикуваат вработувања на транспарентен начин, по пат на јавен оглас, со однапред утврдени критериуми и со развиени политики кои овозможуваат вработувања и унапредувања врз основа на заслуги и квалификации, согласно со Законот за Собранието на Република Македонија и другите закони кои се однесуваат и на вработувањето во Собранието и се оневозможува партиски влијанија, непотизам и кронизам. Доследно се почитуваат одредбите за неспоивост на функциите и утврдените забрани и ограничувањата.

**4) Наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси:**

Собранието демонстрира отвореност, отчетност и инклузивност во дефинирањето на буџетските приходи и расходи водени од целта да го задоволат јавниот интерес и континуирано да ги подобруваат услугите за граѓаните.

Собранието се обврзува дека договорите за јавни набавки, за закуп, продажба на државен имот и други, ќе ги склучува низ транспарентни процедури кои ќе овозможат еднаков третман и конкуренција на заинтересираните учесници.

**5)Транспарентност и пристап до информации од јавен карактер**:

Собранието обезбедува вистинити, соодветни, навремени и целосни информации на граѓаните и правните лица, притоа почитувајќи го правото на приватност и заштитата на личните податоци.

Собранието се стреми кон високо ниво на активна транспарентност, односно се објавуваат што е можно повеќе информации на својата веб-страница и демонстрира подготвеност неговото работење да биде ставено на јавен увид и контрола.

Службените лица не смеат да ги користат информациите со кои располагаат во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.

**6) Заштитено пријавување од укажувачи**:

Овозможувањето на укажувачите да пријавуваат недозволиво или незаконито постапување не стравувајќи од последици, претставува еден од столбовите за успешна превенција, откривање, истрага и санкционирање на ваквите постапувања со кои се загрозува работењето на институцијата.

**7) Управување со квалитетот**:

Собранието воспоставува систем на работење преку кој постојано се унапредува работењето и процесите, се намалуваат ризиците и трошоците, а се подобрува мотивираноста на вработените и се следат вкупните резултати од работењето.

Унапредувањето на испораката и подобрувањето на квалитетот на услугите се врши преку одговорно планирање, управување и реализација на процесите и промовирање на култура на извонредност на јавната администрација, согласно со меѓународниот стандард ИСО 9001, Заедничката рамка за процена – ЦАФ и други стандарди за квалитет во јавниот сектор.

**2. Спроведување и поддршка на системот за интегритет**

За да овозможат ефикасно спроведување на системот за интегритет, Собранието е посветено на градење на капацитетите и поддршка на сите службени лица во процесот на исполнување на обврските кои произлегуваат од стандардите за интегритет во насока на законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работните задачи.

Раководните структури во Собранието се одговорни за воспоставување и спроведување на системот на интегритет, како и за нивна промоција преку своето лично однесување и со преземање мерки за колективна прифатеност на политиката на интегритет и придржување кон истата од страна на вработените.

Градењето на капацитетите се одвива преку редовна едукација на вработените и обуки на службените лица за соодветна примена на стандардите за интегритет по пат на обуки, како и со овозможување на советување за сите дилеми кои можат да се јават кај службените лица во секојдневното работење.

За да обезбедат ефикасно спроведување на системот за интегритет Собранието назначува лице за интегритет.

Собранието ги идентификува ризиците од корупција и истите редовно ги проценува и следи. Соодветно на тоа се преземаат и мерки за надминување на ризиците кои го загрозуваат интегритетот на институцијата.

### 3. Следење и известување за примената на системот за интегритет

Собранието овозможува двостепен систем на следење на примената на системот за интегритет, на ниво на самата институција и од страна на надлежната институција, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК).

Целта на следењето на системот за интегритет во Собранието е да се утврди ефикасноста на применетите политики и процедури кои овозможуваат доследна примена на стандардите за интегритет, како и за мерење на резултатите од применетите мерки за намалување на ризиците од корупција. Процесот за следење и известување за примената на системот за интегритет го координира лицето за интегритет. Собранието спроведува и внатрешни контроли за проверка на примената на стандардите за интегритет преку вклучување на внатрешна ревизија.

Собранието се обврзува на соработка со ДКСК овозможувајќи ѝ да го следи спроведувањето на системот за интегритет. За таа цел Собранието се обврзува на точно, редовно и навремено информирање на ДКСК за сите активности преземени во насока на примена на системот за интегритет, како и за спроведување на добиените насоки, препораки и укажувања од страна на ДКСК во однос на јакнење на интегритетот во институциите.

Бр.: 09-3094/1
29.05.2025

**Претседател**
**на Собранието на Република Северна Македонија**

**Afrim Gashi**

Organet shtetërore dhe institucionet e sektorit publik në Republikën e Maqedonisë së Veriut, duke u nisur nga angazhimi i tyre për të siguruar respektimin e Kushtetutës, ligjshmërisë, integritetit profesional, transparencës dhe mbrojtjes së lirive dhe të drejtave të njeriut, miratojnë

## POLITIKA E INTEGRITETIT

Organet shtetërore dhe institucionet e sektorit publik në Republikën e Maqedonisë së Veriut e pranojnë integritetin si themel të menaxhimit të mirë dhe një përgjigje strategjike dhe të qëndrueshme ndaj korrupsionit. Integriteti është thelbësor për prosperitetin ekonomik, social dhe shoqëror.

Integriteti nënkupton kryerjen e detyrave në mënyrë të ligjshme, të pavarur, të paanshme, etike, të përgjegjshme dhe transparente me anë të së cilës deputetët dhe të punësuarit në Kuvend (në tekstin e mëtejmë: zyrtarët) ruajnë reputacionin e tyre dhe reputacionin e institucionit në të cilin janë person përgjegjës, përkatësisht janë të punësuar, eliminojnë rreziqet dhe largojnë dyshimet për mundësinë e shfaqjes dhe zhvillimit të korrupsionit dhe në këtë mënyrë sigurojnë besimin e qytetarëve në kryerjen e funksioneve publike dhe në punën e institucioneve publike.

Forcimi dhe rritja e integritetit është një mision dhe përgjegjësi e përbashkët e të gjitha institucioneve në sistem dhe në të gjitha nivelet e qeverisjes.

Duke pranuar politikën e integritetit, Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut (në tekstin e mëtejmë: Kuvendi) është i përkushtuar për:

(1) krijimin e sistemit të integritetit në institucione,

(2) zbatimin dhe mbështetjen e sistemit të integritetit, dhe

(3) ndjekjen dhe raportimin mbi zbatimin e sistemit të integritetit.

Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut gjithashtu ua prezanton politikën e tij të integritetit anëtarëve të sektorit privat, shoqërisë civile dhe qytetarëve, duke u kërkuar atyre, si partnerë në proces, të respektojnë vlerat dhe standardet e përcaktuara në marrëdhëniet me organet shtetërore dhe institucionet e sektorit publik.

### 1. Vendosja e sistemit të integritetit

Sistemi i integritetit është krijuar në mënyrë që t'u mundësojë organeve shtetërore dhe institucioneve të sektorit publik të veprojnë dhe të ushtrojnë kompetencën e tyre duke respektuar ligjet dhe në përputhje me standardet më të larta etike, ndërsa Kuvendi të funksionojë dhe të ushtrojë kompetencën e tij duke respektuar Kushtetutën e Republikës së Maqedonisë së Veriut, ligjet, Rregulloren e Kuvendit dhe marrëveshjet ndërkombëtare të ratifikuara dhe në përputhje me standardet më të larta etike.

Sistemi i integritetit bazohet në elementët e mëposhtëm, të cilët përfaqësojnë standarde specifike të integritetit:

1) Mbrojtja e interesit publik dhe parandalimi i konfliktit të interesit;
2) Respektimi i kodit të etikës që lidhet me pozicionin e zyrtarit;
3) Menaxhimi me burimet njerëzore në bazë të sistemit të meritës dhe kualifikimeve;
4) Menaxhimi i qëllimshëm, racional dhe efikas me burimet publike;
5) Transparenca dhe qasja në informacione me karakter publik;
6) Paraqitje e mbrojtur nga sinjalizuesit dhe
7) Menaxhimi me cilësi.

**1) Mbrojtja e interesit publik dhe parandalimi i konfliktit të interesit:**

Kuvendi, deputetët, personat e emëruar dhe të punësuarit në Kuvend (në tekstin e mëtejmë: zyrtarët) detyrohen në punën e tyre t'i japin përparësi interesit publik mbi interesin privat dhe të inkurajojnë dhe zhvillojnë kulturë organizative që nuk toleron konfliktet e interesit dhe në të cilën përgjegjësia individuale dhe shembulli personal janë bazë për menaxhim të mirë.

Për menaxhimin efikas të konflikteve të interesit në Kuvend, zbatohen rregullat për identifikimin dhe deklarimin e interesave personale, rregullat për paraqitjen e interesave dhe rregullave që sigurojnë transparencë në procesin e zgjidhjes së situatave në të cilat lindin konflikte interesi, si dhe zhvillohen mekanizma për ndjekjen e zbatimit të rregullave për parandalimin e konflikteve të interesit.

**2) Respektimi i kodit të etikës që lidhet me pozicionin e zyrtarit**

Me qëllim promovimin e profesionalizmit, mbrojtjes së interesit publik, llogaridhënies, përgjegjësisë, paanshmërisë, mosdiskriminimit dhe neutralitetit politik, në Kuvend respektohen:

- Kodi i sjelljes etike të deputetëve në Kuvend
- Kodi i etikës të Shërbimit të Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe
- Kodi i Etikës për nëpunësit administrativë.

Kuvendi zhvillon mekanizma që mundësojnë monitorim të vazhdueshëm të pajtueshmërisë me kodin e etikës nga zyrtarët.

**3) Menaxhimi i burimeve njerëzore në bazë të sistemit të meritave dhe kualifikimeve:**

Në Kuvend, integriteti promovohet si pjesë e menaxhimit të burimeve njerëzore. Në Kuvend, punësimi promovohet dhe praktikohet në mënyrë transparente, përmes shpalljeve publike, me kritere të paracaktuara dhe me politika të zhvilluara që mundësojnë punësimin dhe avancimin në bazë të meritave dhe kualifikimeve, në përputhje me Ligjin për Kuvendin e Republikës së Maqedonisë dhe ligje të tjera që lidhen me punësimin në Kuvend dhe parandalohen ndikimet partiake, nepotizmi dhe kronizmi. Respektohen vazhdimisht dispozitat për papajtueshmërinë e funksioneve dhe ndalimet dhe kufizimet e përcaktuara.

**4) Menaxhim i qëllimshëm, racional dhe efikas me burimet publike:**

Kuvendi demonstron transparencë, llogaridhënie dhe përfshirje në përcaktimin e të ardhurave dhe shpenzimeve buxhetore, të udhëhequra nga qëllimi i përmbushjes së interesit publik dhe përmirësimit të vazhdueshëm të shërbimeve për qytetarët.

Kuvendi obligohet që marrëveshjet për prokurime publike, për qira, shitje të pronës shtetërore dhe të tjera, do t'i lidhë përmes procedurave transparente që do të mundësojnë trajtim dhe konkurrencë të barabartë për pjesëmarrësit e interesuar.

**5) Transparenca dhe qasja te informacioni me karakter publik:**

Kuvendi u ofron qytetarëve dhe personave juridikë informacion të vërtetë, të përshtatshëm, në kohë dhe të plotë, duke respektuar të drejtën e privatësisë dhe mbrojtjen e të dhënave personale.

Kuvendi përpiqet për një nivel të lartë transparence aktive, d.m.th. publikon sa më shumë informacion të jetë e mundur në faqen e tij të internetit dhe demonstron gatishmëri që puna e tij t'i nënshtrohen kontrollit dhe mbikëqyrjes publike.

Zyrtarët nuk mund të përdorin informacionin që posedojnë gjatë kryerjes së funksioneve, autorizimeve publike dhe detyrave të tyre zyrtare për të përfituar përparësi për vete ose për një tjetër.

**6) Raportimi i mbrojtur i demonstruesit:**

Mundësimi i demonstruesve për të raportuar sjellje të palejueshme ose të paligjshme pa frikën e pasojave është një nga shtyllat për parandalimin, zbulimin, hetimin dhe sanksionimin e suksesshëm të sjelljeve të tilla që rrezikojnë funksionimin e institucionit.

**7 ) Menaxhimi me cilësinë:**

Kuvendi krijon sistem operacionesh përmes të cilit vazhdimisht avancohet puna dhe proceset, zvogëlohen rreziqet dhe shpenzimet, ndërsa përmirësohet motivimi i punonjësve dhe ndiqen rezultatet e përgjithshme të punës.

Avancimi i ofrimit të shërbimeve dhe përmirësimi i cilësisë së shërbimeve kryhet nëpërmjet planifikimit, menaxhimit dhe zbatimit të përgjegjshëm të proceseve dhe promovimit të një kulture të përsosmërisë në administratën publike, në përputhje me standardin ndërkombëtar ISO 9001, Kornizën e Përbashkët të Vlerësimit - CAF dhe standarde të tjera të cilësisë në sektorin publik.

**2. Zbatimi dhe mbështetja e sistemit të integritetit**

Për të mundësuar zbatimin efikas të sistemit të integritetit, Kuvendi është i përkushtuar për ndërtimin e kapaciteteve dhe mbështetjen e të gjithë zyrtarëve në procesin e përmbushjes së detyrimeve që rrjedhin nga standardet e integritetit drejt kryerjes së ligjshme, të pavarur, të paanshme, etike, të përgjegjshme dhe transparente të detyrave të tyre të punës.

Strukturat drejtuese në Kuvend janë përgjegjëse për krijimin dhe zbatimin e sistemit të integritetit, si dhe për promovimin e tij përmes sjelljes së tyre personale dhe duke marrë masa për pranimin kolektiv të politikës së integritetit dhe respektimin e saj nga punonjësit.

Ndërtimi i kapaciteteve bëhet nëpërmjet edukimit të rregullt të punonjësve dhe trajnimit të zyrtarëve për zbatimin e duhur të standardeve të integritetit nëpërmjet trajnimit, si dhe duke ofruar këshilla për të gjitha dilemat që mund të lindin për zyrtarët në punën e tyre të përditshme.

Për të siguruar zbatimin efektiv të sistemit të integritetit, Kuvendi emëron një person për integritet.

Kuvendi i identifikon rreziqet e korrupsionit dhe i vlerëson e monitoron ato rregullisht. Prandaj, po merren masa për të kapërcyer rreziqet që kërcënojnë integritetin e institucionit.

**3. Ndjekja dhe njoftimi mbi zbatimin e sistemit për integritet**

Kuvendi parashikon një sistem dy-shkallësh të monitorimit të zbatimit të sistemit të integritetit, në nivelin e vetë institucionit dhe nga institucioni kompetent, Komisioni Shtetëror për Parandalimin e Korrupsionit (në tekstin e mëtejmë: KSHFK).

Qëllimi i monitorimit të sistemit të integritetit në Kuvend është të përcaktojë efikasitetin e politikave dhe procedurave të zbatuara që mundësojnë zbatimin konsistent të standardeve të integritetit, si dhe të matë rezultatet e masave të zbatuara për të zvogëluar rreziqet e korrupsionit. Procesin për ndjekjen dhe njoftimin mbi zbatimin e sistemit të

integritetit e kordinon personi për integritet. Kuvendi gjithashtu kryen kontrolle të brendshme për të verifikuar zbatimin e standardeve të integritetit përmes përfshirjes së revizionit të brendshëm.

Kuvendi zotohet të bashkëpunojë me KSHFK-në, duke i mundësuar asaj të monitorojë zbatimin e sistemit të integritetit. Për këtë qëllim, Kuvendi angazhohet të informojë me saktësi, rregullisht dhe në kohë KFSHK-në për të gjitha aktivitetet e ndërmarra drejt zbatimit të sistemit të integritetit, si dhe për të zbatuar udhëzimet, rekomandimet dhe sugjerimet e marra nga KFSHK-ja në lidhje me forcimin e integritetit në institucione.

**Kryetar**
**i Kuvendit të Republikës së**
**Maqedonisë së Veriut**

**Afrim Gashi**